ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-9262/3
22-07-2025 20
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 4 од Правилникот за утврдување на начинот, условите и постапката за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во Градот Скопје, бр.08-854/1 од 28.01.2025 година, а во врска со Програмата на активности од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2025 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 16/24), Град Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
# за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во градот Скопје

## 1. Предмет на јавниот повик

1.1. Предмет на Јавниот повик е субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во градот Скопје, кои бележат намалување на активностите во континуитет.

1.2. Средствата што Градот Скопје ќе ги субвенционира се во износ од 10.000,00 денари поединечна субвенција.

1.3. Средствата од потточка 1.2. се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2025 година во вкупен износ од 300.000,00 денари и истите ќе се доделуваат се до нивно целосно искористување.

1.4. Јавниот повик ќе трае најдоцна до 28.11.2025 година или до исцрпување на предвидените финансиски средства од Буџетот на Град Скопје за оваа намена, во зависност од тоа кој услов ќе настапи прв.

## 2. Право на учество

2.1. Право на учество на Јавниот повик имаат занаетчии, жители на град Скопје (во општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари) кои ги исполнуваат условите и ја доставиле потребната документација.

2.2. Преку јавниот повик ќе се субвенционираат дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во градот Скопје, со цел развој, промоција, поддршка и унапредување на занаетчиството и останати активности од исклучително значење за градот Скопје.

2.3. Занаетчии кои не добиле буџетски средства од проекти за субвенционирање од Град Скопје во тековната година.

2.4. Занаетчиите кои се регистрирани согласно Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) и оние кои имаат занаетчиска дозвола и обавуваат занаетчиски дејности во изумирање, кои согласно обработените податоци бележат намалување на активноста во континуитет, и тоа следните занаети: јорганџија, опинчар, јажар, крзнар, грнчар, шапкар, ковач, лимар, казанџија, копчар, свеќар, венци, сита, саатчија, ракотворби - корпар, ракотворби - изработка на сувенири, домашна ракотворба, изработка на филигран, накит и слични производи, производство на музички инструменти и самарџија.

## 3. Постапка и начин за користење на финансиски средства

3.1. За исполнување на условите за добивање на субвенција, барателот е должен да ја достави следната документација:

- Пополнето Барање;
- Решение за упис во Регистар на занаетчии, занаетчиска дозвола;

- Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија не постара од 6 (шест) месеци;
- Подмирени обврски кон Град Скопје (комунална такса - фирмарина и данок на имот) доколку дуќанот е во сопственост на подносителот на барањето. Проверка ќе се врши по службен пат во Град Скопје;
- Изјава од барателот дека досега не користел средства од Град Скопје за ниту една од намените во тековната година.

**Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во оригинал или копии заверени на нотар.**
**Ненавремена и нецелосна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.**

## 4. Услови кои треба да ги исполнат барателите

4.1. При разгледување на барањето за субвенција, барателите треба да ги исполнат следниве услови:

- Да не користеле средства од Град Скопје во тековната година;
- Да се регистрирани согласно Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија" бр. 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21) и Одлука за прогласување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје" бр. 19/12);
- Еден барател може да користи субвенција само еднаш по објавен јавен повик во тековната година.

## 5. Начин на спроведување на јавниот повик

5.1. За утврдување на исполнувањето на условите за субвенционирање на дефицитарни занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во градот Скопје. (Во понатамошниот текст: Комисијата).

5.2. Барањата кои се ненавремени, неуредни (нечитливи) или некомплетни и не ги исполнуваат условите на Јавниот повик, Комисијата ќе ги отфрли со Заклучок и истите нема да ги разгледува, за што ги известува барателите чии барања се отфрлени.

5.3. За барањата кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат условите и критериумите, Комисијата дава предлог за доделување на финансиски средства до Градоначалникот на Град Скопје.

5.4. Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства, со кое се усвојува барањето за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во градот Скопје, и тоа со парична субвенција од 10.000 денари.

5.5. Барањата ќе се разгледуваат по принципот "прв дојден, прв услужен", односно по редослед на поднесени барања до исцрпување на расположивите средства.

5.6. Еден барател може да користи субвенција само еднаш по објавен јавен повик во тековната година.

5.7. Јавниот повик е објавен на веб страницата www.skopje.gov.mk

## 6. Рок и начин на поднесување на барањата

6.1. Барањето за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во градот Скопје со комплетна документација треба да се достави во затворен плик на адреса: **Град Скопје, Сектор за локален економски развој, бул. "Илинден" бр.82, 1000 Скопје** (со назнака – Пријава за јавен повик за субвенционирање на стари занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје), **најдоцна до 28.11.2025 година.**

6.2. Доколку бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Градот Скопје ќе го објави завршувањето на Јавниот повик преку својата веб страна.

6.3. Исплатата на одобрените средства ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања по принципот "Прв дојден прв услужен", врз основа на решение за усвојување од Градоначалникот на Град Скопје. Во случај на неприфаќање на барањето, подносителот за тоа писмено се известува.

6.4. Барањата за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во градот Скопје се достапни во Архива на Град Скопје, просториите на Град Скопје, Одделение за поддршка на развој на занаетчиство и трговија и на веб страницата www.skopje.gov.mk.

6.5. Прашања за појаснување може да се поставуваат писмено или по електронски пат до Сектор за локален економски развој. **Контакт тел: (02) 3297-284, www.skopje.gov.mk,** е-маил адреса: Biljana.Stojmanovska@skopje.gov.mk.

**ГРАД СКОПЈЕ**